**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин 6.6 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Уп. бр. 08-73

Врз основа на член 28 и член 19 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10 и 136/11), а постапувајќи по известувањето за концентрација помеѓу Нектар доо Бачка Паланка (Nectar doo Backa Palanka) и Фруктал Живилска индустрија дд Словенија (Fructal Zivilska Industrija dd), а поднесено од Нектар доо Бачка Паланка (Nectar doo Backa Palanka), преку полномошник Адвокат Татјана Поповски Булоски од адвокатско друштво Поленак од Скопје, Комисијата за заштита на конкуренцијата на седница одржана на ден 13.10.2011 година, го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

1. Се утврдува дека концентрацијата помеѓу Нектар доо Бачка Паланка (Nectar doo Backa Palanka) со регистрирано седиште на ул. Новосадски пут бр. 9, 21400 Бачка Паланка, Србија и Фруктал Живилска индустрија дд Словенија (Fructal Zivilska Industrija dd) со регистрирано седиште на ул. Товарнишка Цеста бр. 7, 5270 Ајдовшчина, Словенија, преку купопродажба на акции во Фруктал Живилска индустрија дд Словенија од страна на Нектар доо Бачка Паланка, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 28-а од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04 и 95/05) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

## О б р а з л о ж е н и е

До Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) на ден 16.09.2011 година, Нектар доо Бачка Паланка (Nectar doo Backa Palanka) (во понатамошниот текст: Нектар доо) согласно одредбите од член 14 став (1) точка 1 и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), поднесе

Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин 6.6 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

известување за концентрација помеѓу Нектар доо и Фруктал Живилска индустрија дд Словенија (Fructal Zivilska Industrija dd) (во понатамошниот текст: Фруктал дд).

Комисијата започна со испитување на известувањето за концентрацијата со денот на неговиот прием.

Комисијата за заштита на конкурецијата при испитување на известувањето и оценка на концентрацијата, ја утврди следната фактичка состојба:

**1. Учесници во концентрацијата: фирма, седиште и предмет на работење:**

- **Нектар доо** со регистрирано седиште на ул. Новосадски пут бр. 9, 21400 Бачка Паланка, Србија. Нектар доо врши производство на сокови од овошје и зеленчук.

- **Фруктал дд** со регистрирано седиште на ул. Товарнишка Цеста бр. 7, 5270 Ајдовшчина, Словенија. Фруктал дд врши производство на сокови од овошје и зеленчук.

Фруктал дд е xxx[1]% во сопственост на Пивоварна Унион дд со регистрирано седиште на ул. Пивоварнишка улица бр. 2 Љубљана, Словенија, кој се јавува како продавач на својот удел во Фруктал дд.

-Фруктал Мак АД Скопје со регистрирано седиште на Ул. Морани бб, Студеничани Скопје, со предмет на работење производство на сокови од овошје и зеленчук. Фруктал дд поседува xxx% од основачкиот капитал на Фруктал Мак АД Скопје.

**2. Правна форма на концентрацијата**

Правна форма на концентрацијата е стекнување на контрола во смисла на член 12 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Нектар доо, врз основа на Договор за купопродажба на акции склучен на 25 Јули 2011 година, помеѓу Нектар доо (како купувач) и Пивоварна Унион дд (како продавач), ќе се стекне со xxx% капитал во Фруктал дд.

---

[1] Податоците обележани со xxx се службена тајна

Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин 6.6 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Во согласност со законот за преземање на акционерски друштва и други применливи закони на Република Словенија, Нектар доо има обврска да поднесе задолжителна понуда за откуп на преостанатите акции во Фруктал дд. Според тоа, постои можност Нектар доо да стекне капитално учество од ххх% во Фруктал дд како резултат на ваквото преземање.

## 3. Правен основ на концентрацијата

- Договор за купопродажба на акции склучен на 25 Јули 2011 година помеѓу Нектар доо (како купувач) и Пивоварна Унион дд (како продавач).

## 4. Вкупен годишен приход на учесниците на концентрацијата

Вкупниот годишен приход на Нектар доо остварен со продажба на стоки и/или услуги на светскиот пазар во 2010 година, како година која претходи на концентрацијата изнесува ххх РСД[2] или ххх евра или приближно ххх денари.

Вкупниот годишен приход на Нектар доо остварен со продажба на стоки и/или услуги на пазарот во РМ во 2010 година, како година која претходи на концентрацијата изнесува ххх[3] или приближно ххх денари.

Вкупниот годишен приход на Фруктал дд остварен со продажба на стоки и/или услуги на светскиот пазар во 2010 година, како година која претходи на концентрацијата изнесува ххх евра или приближно ххх денари.

Вкупниот годишен приход на Фруктал дд остварен со продажба на стоки и/или услуги на пазарот во Република Македонија (преку друштвото Фруктал Мак) во 2010 година изнесува ххх евра или приближно ххх денари.

Заедничкиот вкупен годишен приход на претпријатијата учесници во концентрацијата остварен со продажба на стоки и услуги на светскиот пазар го надминува износот од 10 милиони евра во денарска противвредност и еден од учесниците е регистриран во Република Македонија. Исто така, заедничкиот вкупен годишен приход на претпријатијата учесници во концентрацијата остварен со продажба на стоки и услуги

[2] (среден курс на Народна банка на Србија на 31.12.2010 година, 1 Евро=105,4982 РСД)

[3] (среден курс на Народна банка на Република Македонија на 31.12.2010 година, 1 евро = 61,5050 денари)

**Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин 6.6 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

на пазарот во Република Македонија го надминува износот од 2,5 милиони евра во денарска противвредност. Следствено, известената концентрација е предмет на одобрение од страна на Комисијата за заштита на конкуренцијата согласно член 14 став (1) точка 1 и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

5**. Релевантни пазари**

5.1. **Релевантен пазар на производ**

- **Пазар на овошни сокови, нектари и џусеви**

Со оглед на предметот на работење на учесниците во концентрацијата, учесниците во концентрацијата сметаат дека релевантен пазар на производ за предметната концентрација е пазарот на овошни сокови, нектари и џусеви.

Нектар доо е еден од водечките производители на овошни сокови и овошни производи во Југоисточна Европа. Исто така, значителен дел од бизнистот на Нектар доо отпаѓа на производство и дистрибуција на полуобработени производи, овошни пиреа и овошни концентрати. Нектар доо има повеќе различни програми во својот широк асортиман на производи. Приоритетот се става на овошни сокови и овошни нектари, но застапени се и овошни мармалади, сирупи, овошни ракии, оцет, производи од зеленчук и производи од домати. Од својот асортиман на производи, Нектар доо пласира овошни сокови, нектари и џусеви на пазарот во Република Македонија.

Фруктал дд е еден од водечките производители на првокласни брендови на сокови и одредени други пренхрамбени производи и пијалоци во Словенија а има присуство во Босна и Херцеговина, Хрватска, Македонија, Косово и Србија. Фруктал дд е присутен во Република Македонија преку неговото зависно друштво Фруктал Мак. Фруктал Мак извршува производствена функција во рамките на групацијата. Неговите производствени капацитети ги зголемуваат продажбите на производи на Фруктал дд во Република Македонија. Фруктал дд односно Фруктал Мак пласираат овошни сокови, нектари и џусеви на пазарот во Република Македонија.

**5.2. Релевантен географски пазар**

Релевантен географски пазар за оценка на предметната концентрација е територијата на Република Македонија.

Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин 6.6 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

6. **Детален опис на организацијата на дистрибутивната или малопродажната мрежа на стоки и/или услуги на релевантниот пазар**

Нектар доо ги пласира и дистрибуира своите производи во Република Македонија преку неговиот дистрибутер ДПТУ КОЛА Скопје, кој воедно е и увозник на производите на Нектар доо.

Фруктал дд е присутен на пазарот во Република Македонија и ги пласира своите производи преку Орбико ДОО Скопје. Исто така, и Фруктал Мак ги пласира своите производи преку Орбико ДОО Скопје и преку поддистрибутери.

7. **Структура на имателите на акции во претпријатието над кое се стекнува контрола односно решавачко влијание, пред и после спроведената концентрација (изразена во проценти)**

7.**1. Структура на иматели на акции во претпријатието над кое се стекнува контрола – пред спроведувањето на концентрацијата:**

| **Акционери** | **Учество (%)** |
|---|---|
| 1. Пивоварна Унион дд | ххх |
| 2. Малцински акционери | ххх |
| **Вкупно** | 100 |

7.**2. Структура на иматели на акции во претпријатието над кое се стекнува контрола – по спроведувањето на концентрацијата:**

| **Акционери** | **Учество (%)** |
|---|---|
| 1. Нектар доо | ххх |
| 2. Малцински акционери | ххх |
| **Вкупно** | 100 |

8. **Оценка на концентрацијата**

Комисијата за заштита на конкуренцијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став 2 и став 4 од Законот за заштита на конкуренцијата и член 14 од Уредбата за поблиските критериуми за оценка на концентрациите и содржината и формата на

**Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин 6.6 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

известувањето (Службен весник на Република Македонија бр.91/05) оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, е во согласност со истиот, бидејќи нема за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Според проценката на подносителот на известувањето, пазарниот удел на Нектар доо на релевантниот пазар е 5-10%, додека пазарниот удел на Фруктал дд и Фруктал Мак е 5-10%. Исто така, според проценката на подносителот на известувањето, пазарните удели на главните конкуренти на релевантниот пазар на овошни сокови, нектари и џусеви, се следните: Конкурент 1 (20-30)%, Конкурент 2 (10-20)%, Конкурент 3 (5-10)%, Конкурент 4 (5-10)%, Конкурент 5 (0-5)%, Конкурент 6 (0-5)%, Конкурент 7 (0-5)%, Конкурент 8 (0-5)%, Конкурент 9 (0-5)% и други (10-20)%.

По извршената концентрација нема да дојде до значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците, бидејќи по концентрацијата, пазарното учество на Нектар доо (5-10%) ќе се зголеми за 5-10% (пазарното учество на Фруктал дд) и ќе изнесува вкупно 10-20%. Релевантниот пазар на производ е висококонкурентен пазар со голем број на учесници кои имаат силни брендови на производи.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на концентрацијата.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд на Република Македонија во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**Претседател**
**Чедомир Краљевски**